Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 19.06.2021

На 18.06.2021 СВР Велес спроведе акциска контрола во областа на сообраќајот за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што се изречени вкупно 52 мерки, од кои 43 по акциската контрола и 9 за останати прекршоци. Меѓу нив, 16 за управување без возачка дозвола, 23 за управување без заштитен шлем, а 21 мотоциклист биле исклучени од сообраќај.

На 18.06.2021 во 11.05 часот во СВР Битола е пријавено дека на патот Р-1101 Битола-Ресен, во близина на с.Братиндол, битолско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „голф", управувано од П.М.(31) од с.Ротино, битолско и товарно возило „дфм", управувано од П.М.(71) од с.Облаково, битолско, двете со битолски регистарски ознаки. По незгодата двајцата возачи се пренесени во Клиничка болница Битола, каде кај П.М.(71) биле констатирани тешки телесни повреди, а кај П.М.(31) телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Битола.

На 18.06.2021 Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 627 возачи. Од нив, 135 возила се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 16 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Најголем број од санкциите се изречени на територија на СВР – Штип-89, потоа на територија на СВР Охрид-85, на територија на СВР Тетово -74...

На 18.06.2021 СВР Штип спроведе акциска контрола во областа на сообраќајот за санкционирање на прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли, при што се изречени 41 мерка, меѓу кои 3 за управување без возачка дозвола, 1 за управување под дејство на алкохол, 17 за управување без заштитен шлем и 20 останати прекршоци.

Во текот на изминатото денонокие (18/19.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 133 прекршоци.

На 18.08.2021 во 21.40 часот во СВР Тетово, Д.Ѓ.(41) од Тетово пријавил дека на ул. „Маршал Тито" во Тетово неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против И.Р.(40) од Берово, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување", казниво по чл. 353 ст.1 од Кривичниот законик и против И.М.(35) од с.Двориште, поради постоење основано сомнение дека му помогнал во извршувањето на наведеното кривичното дело. Првопријавениот, во својство на директор во правно лице од Берово, со пречекорување на своите службени овластувања и постапувајќи спротивно на предходно доделен Договор за набавка на услуга за потребите на правното лице, склучен со правно лице од с. Двориште, во текот на 2020 на правното лице чиј што управител е второпријавениот И.М., му овозможил исплата на 360.000 денари, иако правниот субјект воопшто не извршил услуга согласно склучениот договор. Со тоа на правното лице од Берово му причинил материјална штета, додека второпријавениот, по претходен договор со пријавениот, ја примил исплатата, со што се стекнал со противправна имотна корист.

На 18.06.2021 во 20.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода, И.Д.(46) од Скопје физички го нападнал В.С.(47) од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 во 17.25 часот во ОВР Кичево било пријавено дека околу 14.00 часот, М.М.(30) од Гостивар, додека извршувал работни задачи за лице од с.Врапчиште, во атарот на с.Иванчишта, се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Медицински центар Гостивар. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Охрид.

На 19.06.2021 во 09.00 часот во СВР Струмица, Н.А.(38) од Струмица пријавил дека околу 04.00 часот пред казино во Струмица бил физички нападнат од Т.Н.. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.06.2021 во 09.35 часот во СВР Куманово, Ц.К.(74) од с.Романовце, кумановско, пријавил дека во дворно место од неговата куќа во с.Романовце пронашол стара неексплодирана направа. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово и пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување – Куманово, при што било констатирано дека станува збор за стара рачна неексплодирана граната од Втората светска војна и таа е подигната за понатамошна постапка.

На 19.06.2021 во 01.20 часот во СВР Охрид, В.М.(24) од Кратово пријавил дека во угостителски објект во Охрид, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од П.Б.(20) и Х.Т.(20), двајцата од Охрид. По расчистување и документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 18.06.2021 во 15.10 часот во СВР Скопје, Е.Ф.(53) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син С.Ф.(27), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.06.2021 во 22.50 часот во СВР Тетово, Ш.И.(25) од Гостивар пријавила дека околу 22.25 часот пред угостителски објект во Гостивар била физички нападната од А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 02.45 часот во Полициска Станица Крива Паланка е пријавено дека во Затвор „Кшање", во отвореното одделение, бил пронајден починат затвореникот М.Ј.(58) од с.Старо Нагоричане, кумановско. По насока на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 19.06.2021 во 03.00 часот во СВР Струмица, Ј.Г.(48) од Струмица пријавил дека околу 02.30 часот во хотел во Струмица бил физички нападнат од И.С.. По расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.06.2021 во 18.05 часот во СВР Тетово, М.Н.(66) од Тетово пријавил дека во тетовско била отстранета мермерна плоча од спомен обележје. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.06.2021 во 15.40 во СВР Скопје, В.З. од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар едно лице со физичка сила одзело личен накит од нејзината мајка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 02.40 часот во СВР Тетово, И.М.(49) од Гостивар пријавил дека околу 01.50 часот пред угостителски објект во Гостивар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје, А.С.(60) од Скопје пријавил дека околу 00.10 часот во близина на училиште на подрачјето на Аеродром, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.06.2021 во 19.30 часот во с.Лојане, кумановско, В.Ч.(25) од с.Лојане, додека управувал патничко возило „опел астра", со кумановски регистарски таблички, со пиштол испукал кон З.И.(67), од истото село, кој се здобил со телесна повреда , констатирана во Општата болница Куманово, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид извршила увидна екипа на СВР Куманово и се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 18.06.2021 во 21.00 часот во Полициска станица Петровец, Л.Т.(74) од нас.Илинден, скопско, пријавила дека во нејзиниот дом била физички нападната од едно лице, кое од нејзе и сопругот изнудило пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет